# Записник

## од I-та седница на Управниот одбор на GS1 Македонија

одржана на 16.01.2006 година

Седницата на Управниот одбор на GS1 Македонија започна во 13:00 часот, со следниот

**Дневен ред**

1. Именување на директор на GS1 Македонија;
2. Предлог-одлука за утврдување на висината на пристапнината и членарината за 2006 година;
3. Разно

**Присутни:**

1. **Г-дин Бранко АЗЕСКИ,** претседател на Собранието и на Управниот одбор на GS1 Македонија и претседател на „Стопанската комора на Македонија" - Скопје;
2. **Г-дин Симон НАУМОСКИ,** ген. Директор на АД „Витаминка" - Прилеп;
3. **Г-дин, Јасенко ЏИНЛЕСКИ,** АД „Алкалоид" - Скопје (наместо на Г-дин Живко МУКАЕТОВ, Зам. претседател на Управниот одбор и Директор на ПЦ Фармација на АД "Алкалоид" - Скопје;
4. **Г-дин Кирил ЈАНЕВ,** извршен директор на АД „Герас Цунев" - Струмица;
5. **Г-дин Шефки ИДРИЗИ,** ген.Дир. на „Ренова" ДОО - Џепчиште, Тетово;
6. **Г-ѓа Соња ТАСЕВСКА,** Управител на "Мако Маркет" ДОО - Скопје;
7. **Г-дин Михаил ГАРЕВСКИ,** директор на „ЈНУ ИЗИИС-Скопје" - Скопје;
8. **Г-ѓа Слаѓана МИЛУТИНОВИЌ,** одговорна за GS1 Македонија, советник во Стопанската комора на Македонија - Скопје.

Седницата ја отвори г-дин Бранко Азески, претседател на Управниот одбор на GS1 Македонија.

На седницата присуствуваа сите 7 членови на Управниот одбор.

Во воведното излагање, Претседателот детално ја изложи програмата и развојните стратегиски определби на GS1 Македонија во 2006-та година. По ова прашање се разви дискусија во која земаа учество сите членови на Управниот одбор.

**АД/1** По оваа точка образложение даде претседателот Бранко Азески, кандидирајки ја г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ за директор на GS1 Македонија.

По дискусијата во која земаа учество сите присутни членови на УО, предлогот е едногласно усвоен.

**АД/2** По оваа точка образложение даде претседателот Бранко Азески, напоменувајќи дека предложените износи се задржани на претходното ниво.

Висината на пристапнината и членерината е едногласно усвоен со износи еднакви на предложените (Табела1).

**Табела 1** **Висина на износите на пристапнината и членарината за GS1 Македонија за 2006 година**

*(во денари)*

| Категорија на членки | Капацитет на баркодирање /Артикли/ | Пристапнина | Членарина | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Членки без GS1 број | - | 9,300 | 3,100 | **12,400** |
| Членки со GS1-13 број | 100 | 9,300 | 6,200 | **15,500** |
| | 1,000 | 9,300 | 10,850 | **20,150** |
| | 10,000 | 9,300 | 17,050 | **26,350** |
| | 100,000 | 9,300 | 23,250 | **32,550** |
| Членки со GS1-8 број | По артикал | - | 620 | **620** |

Бр. 10-49/10
16.01.2006 год.
С к о п ј е

Претседател,

Бранко АЗЕСКИ